# THE PRINCIPAL AS A SUPPORTER OF THE STUDENT'S INCLUSIVE TEAM IN THE PRIMARY SCHOOL

**Zoran Mitev**
Municipal Primary School "Goce Delcev" Shtip, North Macedonia, mitevzoran@gmail.com
**Trajce Dimov**
Municipal Primary School "Goce Delcev" Shtip, North Macedonia, trajdim@live.com

**Abstract:** Inclusive education, which penetrates into our educational process, allows meeting the various needs of children, students by providing access and increasing their presence in school, thereby increasing their access to acquiring more extensive knowledge. It includes a reasonable adjustment of the educational contents, appropriate teaching approaches and strategies, as well as organization of the educational process in general. Inclusive education implies that all children are included and accepted with special attention to children who may remain on the margins, discriminated against or excluded from the educational system.The school principal is the one who, with his governance and management should provide conditions for active and productive participation in school and extracurricular activities of all students. It implies the creation of an appropriate educational environment in which the learning of children/students with special educational needs will take place.The formation of inclusive teams is the principal's task, which is prescribed in the Law on primary education. Namely, he is in charge of forming the school inclusive team (SIT) and the inclusive student team (IST).They have different roles, but they are also connected, that is, SIT designs and implements the activities at the level of the whole school, and IST focuses on working with a specific student, drawing up and implementing an individual educational plan made for him. The subject of research will be the role of the principal as a supporter at IST. The subject will be investigated from the following aspects: views of members of SIT and IST on the role of the principal as a supporter and views of members of SIT and IST on the management of the principal to improve conditions in the school for students with IEP.
**Keywords:** inclusion, individual educational plan, inclusive team for the student, principal

# ДИРЕКТОРОТ ВО УЛОГА НА ПОДДРЖУВАЧ НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ НА УЧЕНИКОТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Зоран Митев**
ООУ „Гоце Делчев“ - Штип, mitevzoran@gmail.com
**Трајче Димов**
ООУ „Гоце Делчев“ - Штип, trajdim@live.com

**Резиме:** Инклузивното образование, кое навлегува во нашиот воспитно – образовен процес, овозможува задоволување на различните потреби на децата, учениците преку обезбедување на пристап и зголемување на нивното присуство во училиштето, а со тоа се зголемува и нивниот пристап за стекнување на почироки знаења. Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини, соодветни наставни приоди и стратегии, како и организација на воспитно-образовниот процес воопшто. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени со особено внимание на децата што може да останат на маргините, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Директорот на училиштето е тој што со неговото управување и менаџирање треба да обезбеди услови за активно и продуктивно учество во училишните и вонаставните активности на сите ученици. Тоа подразбира создавање на соодветна образовна средина во која ќе се одвива учењето на децата/учениците со посебни образовни потреби. Формирањето на инклузивните тимови е задача на директорот која е пропишана во Законот за основно образование. Имено, тој е задолжен да го формира училишен инклузивен тим (УИТ) и инклузивен тим за ученик (ИТУ). Тие имаат различна улога, но се и поврзани, односно УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште, а ИТУ се фокусира на работа со конкретен ученик, изготвување и реализирање, за него направен индивидуален образовен план. Предмет на истражување ќе биде улогата на директорот како поддржувач
на ИТУ. Предметот ќе биде истражуван од следниве аспекти:ставови на членови на УИТ и ИТУ за улогата на директорот како поддржувач и ставови на членовите на УИТ и ИТУ за менаџирањето на директорот за подобрување на условите во училиштето за учениците со ИОП.
**Клучни зборови:** инклузија, индивидуален образовен план, инклузивен тим за ученикот, директор

## 1. ВОВЕД

Образованието на децата и учениците со посебни образовни потреби претставува новина која во последните години се наметнува со брзо темпо во образовниот систем. Право на образование имаат сите деца на Република Северна Македонија, без оглед на тешкотиите со кои се среќаваат во текот на образованието и без разлика на степенот на својата попреченост. Во РСМ, во последните неколку години, приоритет има инклузивното образование со кое се овозможува образовен систем кој ќе ги анулира пречките и ќе овозможи оптималнен образовен развој на сите деца, а воедно и на децата со посебни образовни потреби.
Целите на инклузивно образование се однсуваат на поддршка и совети на родителите на децата со посебни потреби, усовршување, врз основа на посебните потреби, промовирање на инклузивно образование, партнерска соработка со цел да се запознаат посебните потреби. Во продолжение се опфатени позитивните и негативните ефекти од инклузијата во редовните основни училишта, бариерите кои се јавуваат како и изборот на ученици со посебни образовни потреби за вклучување во редовните училишта. Квалитетот и успешноста на инклузијата во редовните основни училишта зависи од стручниот тим во училиштето посебно дефектологот како и формирањето на инклузивен тим за работа со ученици со посебни образовни потреби како и изработката и примената на индивидуалниот образовен план.

## 2. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Инклузивното образование излегува во пресрет и одговара на различните потреби на децата, младите, преку обезбедување на пристап, зголемување на нивното учество во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини, соодветни наставни приоди и стратегии, како и организација на воспитно-образовниот процес воопшто. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие без оглед на нивните слабости, а соодветно на нивните потенцијали, се вклучуваат во редовната настава при што им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во целокупниот воспитно – образовен процес во училиштето.
Дефиницијата за инклузија која ја дава УНЕСКО потекнува од конференцијата во Саламанка, 1994 година, и нагласува дека инклузијата е потег за директно подобрување на образовниот систем во целина.
Директорот на училиштето ја носи одговорноста за секојдневното управување со целата училишна работа, вклучувајки го обезбедување на услови за активно и продуктивно учество во училишните и воннаставните активности на сите ученици. Тоа подразбира создавање на соодветна образовна средина во која ќе се одвива учењето на децата/учениците со посебни образовни потреби. Директорот како менаџер на училиштето ја има централната улога во организацијата и координацијата на овој процес, затоа тој ја има клучната улога во креирањето на соодветни услови кои во голема мера влијаат на постигањата на учениците.
Секој директор на училиште треба да настојува да стане инклузивен директор и да применува раководење кое промовира инклузија која се фокусира на развој на инклузивната култура во која се подржуваат сите заинтересирани страни: настаници, родители, ученици и ученици со посебни образовни потреби.
Директорот, како орган на раководење,а воедно и менаџер, е задолжен да формира училишен инклузивен тим (УИТ) и инклузивен тим за ученик (ИТУ). Тие имаат различна улога, но се и поврзани, односно УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште, а ИТУ се фокусира на работа со конкретен ученик, изготвување и реализирање, за него направен индивидуален образовен план.

## 3. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување ќе биде улогата на директорот како поддржувач на Инклузивниот тим на ученикот со посебни потреби во основното училиште. Предметот ќе биде истражуван од следниве аспекти:
-Ставови на членови на УИТ и ИТУ за улогата на директорот како нивен поддржувач
-Ставови на членовите на УИТ и ИТУ за менаџирањето на директорот за подобрување на условите во училиштето за учениците со ИОП.
Цел на истражувањето беше да се испита учеството во поддршката на директорот во работата на ИТУ.
Во истражувањето се користеа следниве техники и инструменти: анкетирање (анкетен лист), скалирање (скала на ставови). Во анкетирањето беа вклучени членови на УИТ и ИТУ во 3 основни училишта, преку пополнување на анкетни прашалници, поединечно и анонимно.
Во истражувањето беа анкетирани 65 наставници членови на УИТ и ИТУ. Анкетирањето беше спроведено во 3 основни училишта во Општина Штип, во месец јуни 2023 година.

## 4. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел ќе ги анализираме одговорите на наставниците од анкетниот лист.

На прашањето, дали директорот присуствува на состаноците на УИТ, од вкупно 65 анкетирани членови на УИТ и ИТУ, 43 или 66% одговориле дека директорот редовно присуствува на состаноците на УИТ, 15 (23%) одговориле понекогаш и 7 или 10.7% одговориле со НЕ.
Второто прашање се однесува на тоа, дали директорот комуницира со членовите на УИТ и ИТУ за потребите кои ги има тимот? Од вкупно 65 анкетирани членови на УИТ и ИТУ, 43 или 66% одговориле дека директорот комуницира со членовите на УИТ за потребите кои ги има тимот, 15 (23%) одговориле делумно и 7 или 10.7% одговориле со НЕ.
На третото прашање: Дали директорот овозможува ресурсни помагала за реализација на ИОП, за да се одговори на различните потреби на учениците за активно вклучување во наставата?, ги добивме следниве резултати:

***Слика1. Графички приказ на одговорите на трето прашање***




Од вкупно 65 анкетирани членови на УИТ и ИТУ, 38 или 58.5% одговориле дека директорот овозможува ресурсни помагала за реализација на ИОП, за да се одговори на различните потреби на учениците за активно вклучување во наставата, 20 (30.8%) одговориле делумно и 7 или 10.7% одговориле со НЕ.
Со добиените резултати од четвртото прашање: Дали директорот овозможува учениците со ИОП да добиваат прилагодени материјали и ресурси за учење согласно нивните способности и можности?, исто така можеме да констатираме дека директорот овозможува учениците со ИОП да добиваат прилагодени материјали за учење согласно нивните способности и можности (58.5%, одговориле со да).
Петото прашање - Дали директорот дава поддршка на учениците со ПОП за активно вклучување во наставните и воннаставните активности?

***Слика 2. Графички приказ на одговорите на петто прашање***




Од вкупно 65 анкетирани членови на УИТ и ИТУ, 50 или 77% одговориле дека директорот дава поддршка на учениците со ПОП за активно вклучување во наставните и воннаставните активности, 10 (15.4%) одговориле делумно и 5 или 7.7% одговориле со НЕ.

И последното прашање беше: Дали директорот е подготвен да обезбеди поддршка на сите ученици со ИОП на кои им е потребна?

***Слика 3.Графички приказ на одговорите на шестото прашање***




Од вкупно 65 анкетирани членови на УИТ и ИТУ, 50 или 77% одговориле дека директорот е подготвен да обезбеди поддршка на сите ученици со ИОП на кои им е потребна, 10 (15.4%) одговориле делумно и 5 или 7.7% одговориле со НЕ.

## 4. ЗАКЛУЧОК

По сите добиени резултати од истражувањето можеме да согледаме дека директорот редовно присуствува на состаноците на УИТ и комуницира со членовите за потребите кои ги има тимот, запознаен со начинот на изработка на ИОП и дава поддршка на членовите на ИТУ при изработката на истиот, овозможува ресурсни помагала за реализација на ИОП, за да се одговори на различните потреби на учениците.

Според искажувањето на анкетираните членови на ИТУ и УИТ, директорот овозможува учениците со ИОП да добиваат прилагодени материјали и ресурси за учење согласно нивните способности, дава поддршка на учениците со посебни образовни потреби за активно вклучување во наставните и вонаставните активности. Директорот е подготвен да обезбеди поддршка на сите ученици со ИОП на кои им е потребна и го поттикнува и охрабрува процесот на креирање позитивни инклузивни практики во училиштето. Сепак, колку да даваат поддршка директорите на инклузивниот тим, потребна е и инфраструктурна поддршка од локалната самоуправа и државните институции, со отстранување на физичките бариери согласно потребите на учениците со попреченост, адаптација и опремување на училниците со нагледни средства и помагала кои се во функција на сите ученици, па и на учениците со посебни образовни потреби како и финансиска поддршка на инклузивните активности.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ајдински, Г., & Ајдински, Љ. (2018). Jornual of special education and rehapilitation, Скопје

Ајруали, А., Трпевска, С., & Чонтевска, Ж. (2019). Актуелната состојба на инклузија на деца со посебни образовни потреби во основното образование во РСМ, (истражување), БРО, Скопје

БРО. (2020). Концепција за инклузивно образование,Скопје,

Водич за работа на училишниот инклузивен тим (2018), Министерство за образование и наука, БРО, превземено од https://mon.gov.mk/stored/document/MK_%20revidiran_Vodic%20za%20rabota%20na%20UIT_final_WEB.pdf

Закон за основното образование, Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20

Концепција за основното образование, март 2021, Министерство за образование и наука, Скопје, https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Концепција за инклузивно образование, (6.7.2020), Министерство за образование и наука, Скопје, https://mon.gov.mk/content/?id=3277

Конципирање на инклузивното образование и негова контекстуализација во мисијата на УНИЦЕФ, Вебинар 1 - помошна стручна брошура, Фонд за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) 2014, превземено од

https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3921/file/MK_ConceptualizingInclusiveEducation_Report_MK.pdf

Митев, З. (2023). Директорот во улога на поддржувач при изработката на индивидуални образовни планови за ученици со посебни потреби. (завршен семинарски труд за полагање на испит за директор на основно училиште), ДИЦ, Скопје.

Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост, Службен весник на РСМ, бр. 38 од 15.2.2021 година, пристапено јуни 2023 на https://mon.gov.mk/stored/document/Pravilnik%20za%20nacinot%20na%20ocenuvanje%20na%20ucenicite%20so%20poprecenost.pdf

Прирачник за инклузивно образование (2015), БРО, превземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3571/file/MK_ManualInclusiveEducation_Report_MK.pdf

Ристевска, М. (2018). Инклузивна педагогија“. Педагошки факултет, Битола.

Стефановска, Д. (2022). Подготвеност на редовните основни училишта за инклузија на сите ученици со попреченост во Општина Ресен, магистерски труд, УКИМ, Скопје, превземено од https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/26282/1/divstefanovska2022.pdf

Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план, (2018), Министерство за образование и наука, Скопје, http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

Berhanu, G. (2018). Special education today in Sweden. Special Education Today in Sweden, 28(209–241).

Center for studies on inclusive Education, [Online]: http://www.eenet.org.uk/resources/docs/Index%20 English.pdf

Spasovski, O., Ballazhi, S., & Friedman, E. (2010). Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity: Macedonia Country Report: European Training Foundation.